# THE PLACE AND ROLE OF SLAVEJKO ARSOV IN THE MACEDONIAN REVOLUTIONARY STRUGGLE

**Oliver Cackov**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

Many great names have been incorporated in the ranks of the Macedonian National Liberation Struggle. Those revolutionary icons were imprinted in the collective memory of the Macedonians and remain vital in their conciseness as symbols of the sacrifice for the fatherland, and the fighting for its freedom with the very last breath, soul, heart and spirit. Slavejko Arsov from Stip, was one of the representatives of the Macedonian revolutionary movement. He left us with numerous great historical documents, dedicated to the revolutionary struggle and related to the national and social freedom of the Macedonians. Yet, very little has been written by Macedonian historians about this great revolutionary, teacher and "vojvoda". This paper represents a new initiative to explore further this overlooked, while unique, protagonist of the Macedonian struggle in the region of Stip and his immense merits, efforts and revolutionary work.

## Keywords:

Macedonian liberation struggle, Ilinden Uprising, local revolutionary networks.

## Theme/s:

Macedonian history, History of Macedonian revolutionary movement.

**доц.д-р Оливер Цацков**

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА СЛАВЕЈКО АРСОВ ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА

Апстракт

Во редовите на македонската национална ослободителна борба вградени се многу големи имиња кои вечно ќе останат запомнати и ќе продолжат да живеат во историјата на својот народ, бидејќи ги жртвувале своите животи, борејќи се со целата своја душа, срце и дух за слободата на својата татковина.Една од таквите личности е и штипјанецот Славејко Арсов, кој бил еден од претставниците на македонско револуционерното движење и кој зад себе ни оставил многубројни пишани историски документи посветени на револуционерната борба, но и за националната и социјална слобода на Македонците. За овој голем револуционер, учител и војвода многу малку е пишано, а тој со своите големи неизмерни заслуги, активности и револуционерно дело заслужува многу повеќе.

.....

Животот на Славејко Арсов е исполнет со револуционерна содржина со единствена цел ослободување на македонскиот народ од стегите на силите кој со векови го угнетувале. При крајот на 19-от век македонското национално револуционерно движење предводени од ТМОРО се проширила во сите пори на животот на македонскиот народ.Со јасни идејно политички определби таа ги изразувала вистинските стремежи на македонскиот народ за целосно ослободување од турската власт.Во најсудбоносните моменти во својата историја македонскиот народ единствениот спас го гледала во ВМРО, што јасно покажувало до кој степен била развиена македонската национална свест.

Градот Штип во овој период преставувал вистински активен производствен трговски,занаетчиски,просветно-образовен и револуционерен град кој забрано чекорел во нова фаза на сопствената иднина. Фаза во која градот се по интензивно добивал европски контури. Во Штип дејствувале  плејада на македонски револуционери и учители. На самиот почеток на формирањето и дејствувањето на организацијата токму во овој град се вкрстиле револуционерните патишта на Делчев и Груев.Но, борбата на штипските улители и граѓани била евидентна и пред нивното пристигнување.Со нив револуционерното движење во штипскиот регион добил организиран тек, а воедно преставувале и силен морален импулс на населението. Впрочем,нивниот престој во Штип придонело и тие да стекнат револуционерно искуство кое подоцна и самите че го потврдат. Гоце Делчев веднаш се вклучив во револуционерните текови на Организацијата паралелно со неговото учителствување. Тој ќе биде инспирација и личен пример на многу млади и возрасни штипјани кои во голем број се вклучувале во Организацијата. Груев,пак, во Штип ќе го формира и месниот комитет во кој кој влегле како членови и Чучков, Мирасчиев,Малинов,Теранцелиев,Арсов Михаил ( брат на Славејко Арсов). Веднаш по поставувањето на темелите на Организацијата во Штип таа започнала бргу да добива на членство. Во овој период со својата чесност и искрена љубов кон својот народ ќе се појави во средина во која постоела голема потреба за револуционери,младиот и темпераментен со бунтовничка сила –Славејко Арсов. Најдобар извор за неговото и востаничкото движење во Југозападна Македонија се неговите „Спомени“. Тој самиот за својот живот како потврден револуционер ќе каже : „роден сум во Штип во 1878 година од родители Арсо Кикеритков занаетчија и Евдокија Коцева и двајцата од штипско Ново Село, чесна еснафска и револуционерна фамилија, и многу почитувана во средината во која живееле.Славејко растел и се школувал во едно револуционерно време во кое без сомнение ќе влијае на неговото оформување како револуционер.Уште како младинец ја согледал тешката состојба на својот измачен и угнетен народ. По сеќавање на постари новоселци и роднини семејството било музички надарено, и во нивната куќа често се пееле песни со револуционерен призвук. Особено биле омилени народните песни од времето на ајдутското движење во кој се воспевало јунаштвото на заштитниците на македонскиот народ.Инаку, овие песни носат и социјално обележје затоа што се одраз на социјалната неправда на кое било изложено македонското население.Преку овие револуционерни

песни народот го изразувал своето постоење и вербата дека долготрајното владеење под други власти конечно ќе има крај.

Основно образование завршил во Штип.Подоцна како писар се вработил на железничката станица во Криволак. Во 1895 година школувањето го продолжил во Скопје.Овде го завршил први клас во Педагошкото училиште,а учители му биле Христо Матов и Панајот Матов од Штип.Приемот во Организацијата бил свечен чин и се одвивал со давање на заклетва.Како се зачленил во Организацијата Славејко Арсов ќе запише во неговите Спомени „преку ваканцијата во 1896 година кога си отидов дома се собраа во нашата куќа осум до десет луѓе ,дојде и Мише Равигоров. Потоа 4-5 луѓе во и јас влеговме во другата соба .Таму ги заколнувале и видов како станува истото. И,јас веднаш се заколнав.Татко ми го посака тоа викајќи ми „ Ете еден загина сега помалиот ќе го замени“, сите беа заразени од идејата и длабоко веруваа дека треба тоа дело“.[1] Бидејќи неговото семејство како револуциоенерно било често под опсервација на турските агенти и власт, бил принуден за замине за Софија, каде што работел и неговиот брат Лазар. Во Софија дружел и коминицирал со познати револуционери како Гоце Делчев, со кој се познавал од времето не неговото учителствување во Штип,Михаил Герџиков,Даме Груев и други дејци кој присуствувале во Софија, што ќе придонесе уште поактивно да се посвети на револуционерниот позив.Аферите како Виничкатана пример за која дознал во текот на неговиот престој во Софија,длабоко ќе го потресе.Мотивот за активното вклучување во акциите на Организацијата веќе бил незапирлив. Кога Герџиков бил назначен за учител во Битола ќе го повика и Арсов. Му напишал дека му нашол учителско место. Со парите кој ги добил од Владислав Ковачев ,успеал да допатува до Битола.

Револуционерната дејност ќе ја започне најпрво во југозападниот дел на Македонија во Кичевскиот регион.По препорака на Организацијата, а посебно од Даме Груев доаѓа во Кичевско назначен како учител и инспектор.За престојот во Кичево тој ќе запише:„Кога дојдов во Кичево немаше ништо оформено.Јас ја презедов работата како раководител, при сите опити да се возобнови ново неделно училиште за да можам натаму да се запознаам со сите младинци. Успеав да формирам солиден комитет околи кој се беа групиралеоколу мене понадежни младинци од градот,на кој што им ја проповедав идејатаи и им читав тајни весници. Тогаш доаѓаше и еден хектографиран

[1] Славејко,А (1966) Востаничко движење во Југозападна Македонија,ИНИ,Скопје.

весник „ На оружје“ чии редактори беа Пасков Васил,Герџиков, Груев и Мартулков.Не се ограничев да имам околу себе само младинци но се запознав и со постари работници од Кичевските села.Речиси од сите кичевски села доаѓаа младинци кои полагаа заклетва.[2]“ Во Кичевската афера многумина биле затворени, а еден од осмничените бил и Славејко Арсов.Во затворот во Кичево одлежал осум месеци, а потоа уште шест месеци во Битола.Во 1901 година по одлука на Окружниот револуционерен комитет станал четник во четата на Марко Леринск. Во овој период го придружувал Гоце Делев во неговата обиколка во Костурско и Леринско. Од Делчев стекнал искуство како да комуницира со народот и како да решава спорови со револуционерниот суд.Тој знаел да допре до секој човек и станал почитуван и сакан од населението на теренот кој го заштитувал од турската власт и го подготвувал завооружено востание.

Советувањето во Загоричани кое треало од 14 до 17 јануари 1902 година преставувало круна на мисијата на Делчев.На оваа советување покрај Делчев присуствувале и Костурските раководители Лазар поп Трајков,Михаил Николов,Пандо Клашев и Васил Чакаларов ,понатаму леринските раководители Марко Лерински и Андреа Кожуваров,и преставникот од битолскиот окружен комитет Славејко Арсов и Поп Христов.Овде „ на прво место доаѓа до израз проширувањето на компетенциите на управните тела со придавање на судски прегоративи.Снабдувањето со оружје,а посебно прашањето за уредување на канал за пренесување на оружје од Грција биле во центарот на вниманието.Преовладала Дконстатацијата за неодложното воспставување на каналот и други активности.“[3] Во Февруари 1902 година бил назначен за војвода во Битолскиот револуционерен округ. Како веќе искален револуционер, а веќе како војвода му бил доделен Ресенскиот регион.Веднаш започнал со работа обиколувајќи ги во текот на март и април селата во Битолско, Ресенско,Кичевско,Демирхисарско кои во тој период не била зафатена со Јосифовата пролава[4].Организира собраниа, ги покрства луѓето во Организацијата, собира прилози,суди во спорови,организира ликвидирање на предавници,ги учи селаните како да го одржуват и чуваат

[2] Истото,34.

[3] Димитар Димески,Делчевата Мисија во Костурско и Леринско 1901/2,МАНУ,Скопје,1973.

[4] Поволната клима во Битолскиот револуционерен округ, созда- дена по Делчевиот престој, наскоро била нарушена.Во м. февруари 1902 година пламнала т.н. Јосифова провала ,прва од серијата провали што во 1902 година ја затресле мрежата на ТМОРО во Битолскиот вилает. Иако Јосифовата провала настанала сосем случајно, нејзе и кумувала Битолската организациона чета предводена од Стојан Донски.

оружјето,бара начини непотребните трошоци да се намалат, за сметка на снабдување со опрема и вооружување за престојната борба и осбено е упорен да создаде навики за одржување на хигиената кај месното население.“[5]

Славејко Арсов и неговите чети не само на збор, туку и со дело биле заштитници на локалното населене во Леринско.Без компромис се бори со непослушните разбојнички банди. Го организира народот за борба и одбрана. Ги заштитува онеправдените пред странските конзули, организира бојкот на турските производи, го охрабрувал населението да не биде користено како ангарија односно бесплатна работна сила и слично. Со доброволни прилози откупувал земја од агите и истата ја разделувале на селаните кој не поседувале своја.

Одлуката за востание што била донесена во Солун во јануари 1903 година предизвикала бурни реакции и полемики меѓу македонските револуционери.Околу подигањето на востанието имало големи расправии.Дел од револуционерите предводени од Петров и Делчев заговарале  дека сеуште не се создадени услови за предвремено востание додека втората група преставени од Матов и Татарчев биле поклоници за кревање на востание. Славејко Арсов бил во групата која сметала за нецелисходноста за  предвремено кренато востание поради неподготвеноста на населението.

Датумот за кога требало да се крене востанието било договорено на конгресот воСмилево одржано од 2 до 7 мај 1903 година.Смилево не случајно било избрано за место каде би се одржал Конгресот бидејќи селото било родно место на Дамјан Груев ,најголемиот македонски револуционер, а смилевци гарантирале дека за истиот Турците нема ништо да дознаат. На тој ден на исто место се собрале преставници од 9 региони. Ресенскиот го преставувале : Славејко Арсов од Штип,потпоручникот Александар Патајотов од Велико Трново и Велјан Илиев од село Смилево.Во Смилево војводите се договориле за стратегијата и тактиката за водењето на востанието. Бил избран штаб како раководно тело на целата територија. Биле избрани и реонски начелства. По завршувањето на Конгресот со засилено темпо почнале подготовките за востанието. За подготовките на востанието Славејко Арсов ќе запише:„Паѓаше во очи необичната раздвиженост на пазарите од градовите во последните две недели пред

[5] Виолета Ачковска, Славејко Арсов 1878-1904 Улогата на штипско ново село во македонската историја,Штип.

избувнувањето на востанието. Последниот пазар во Ресен беше на 19 јули ,сабота спроти недела.Ресен се наполнил со толку селани како што дотогаш не се случило. Сол и опинци снемало во градот.Турците само се чуделе, ама не се досетиле. Не се случило порано на пазарот да има толку продавање, купување и толку израдувани селани.“[6] Во своите спомени ресенскиот војвода Славејко Арсов ќе ја опиште состојбата во Ресенско-преспанското подрачје.“Кога се вратив во ресенско,ги прибрав четниците заедни и ги распоредив на работа:неколку отидоа да ги обучуват селаните,други отидоа по каналот накај Корча и Долна и Западна Преспа да земаат оружје.Јас отидов во Болно да ги спремам селаните за востание.Селаните беа љубопитни за донесените решенија на Конгресот. Ние им кажавме дека востанието е решено оти ќе се подигне но треба со последни средства да го подигнеме.На секоја куќа им се порача да си приготват храна за резерва за еден ипол месец.Битолскиот револуционерен округ бил единствено подготвен за востанието.Благодарение на неговата неуморна работа,ресенско најподготвено влегло во Илинденското востание во кое Арсов покажал неверојатна пожртвуваност и храброст.Постојано бил на терен од место во место од село во село.Учествувал и  во многубројни битки.

Камбаните на градските цркви го означиле почетокот на востанието во Крушево. Слободниот живот во градот траел само 10 дена,тоа биле најсреќните денови во неговото дотогашно постоење. Иако Илинден доживеал страотен пораз сепак победил македонскиот дух. Славната Крушевска Република станала врв на Илинден и македонската револуционерна борба.

Славејко Арсов во Илинденското востание учествувал во многу битки ,помагајќи му на настраданото население во ресенскиот крај. За одмазда турската војска ги горела селата применувајќи врз населениeто невиден терор. Во тие моменти четата на Арсов го смирувало и охрабрувало населението дека не треба да се плашат. Укажувал дел Турците ќе морат да престанат со овој терор бидејќи ќе бидат на остра критика и осуда од меѓународната заедница. И, навистина бил во право. Но цврсто ветил дека Организацијата ќе се одмази на Турците за онаа што го направиле на илинденските востаници. Турците ,пак, го повикувале населението да престанат со борбата ветувајќи амнестија. Славејко во овие судбоносни денови со четата се повлекол во непристапните планински предели. Тој исто така ќе ги убедува востаниците дека

[6] Христо Силјанов,Ослободителните борби на Македонија,Култура,Скопје,2003.

борбите треба да престанат. Славејко Арсов со 24 четника заминува за Бугарија. Многу војводи кои учествувале во востанието заминале во Бугарија.Дел од нив кратко се задржале во Бугарија со цел повторно да се вратат и да го продолжат револуционерното дело. Еден од тие бил и Славејко Арсов.Со својата чета тој повторно се вратил во Ресен.На први јули 1904 година здружените чети се собрале во Ќустендил. Границата ја поминале кај Саса спроведувани од локалниот војвода Атанас Бабата.Кога четата поминувала низ селото Кокошине селскиот поп Петруш ја предал четата на турските власти.Тие го „запоседнале ридот Лингира.Четата која броела 28 четници ги утврдиле позициите и се подготвувале за борба. Четата кога се нашла опколена извршила јуриш за да се пробијат.Во тој жесток бој загинале повеќемина четници,а помеѓу нив и војводата Славејко Арсов.Еден четник се обидел да го извлече војводата но , не успаел бидејќи и самиот загинал.“[7] Колкав бил придонесот на Славејко Арсов за револуционерното движење во Југозападна Македонија зборува и податокто дека народот му се оддолжил со тоа што многу институции од овој регион го носат неговото име. Исто така штипјани му се оддолжија за неговата револуционерна работа со тоа што новото основно училште во населбата „Баби “ го носи токму неговото име.Арсов како истакнат револуционери учител во своето време сопствениот живот ќе го поклони на идните генерации и иднината на својот народ на кој му припаѓал.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1.Арсов,С. (1966) Востаничко движење во Југозападна Македонија,ИНИ,Скопје

2. Ачковска,В.(2014) Славејко Арсов, Улогата на штипско ново село во македонската историја,Штип.

3. Димески, Д ( 1973 ) Јосифовата провала во 1902, Годишник на Филозофскиот факултет, Скопје.

4. Димески, Д (1973) Делчевата Мисија во Костурско и Леринско 1901/2,МАНУ,Скопје

5. Пандевски, М (1973) Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје.

[7] Штип низ вековите,СОШ,1986.

6. Силјанов, Х.(2003)Ослободителните борби на Македонија,Култура,Скопје.

7. Силяновъ, Х (1927) Писма и изповьди на единъ четникъ, София.

8. Христов,П,( 1953) Революционната борба в битолския окръг, София

9. Штип низ вековите,(1986) СОШ,1986